Р.

**ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ**, како првостепен суд преку судијата «Софија Спасова Медарска» како судија поединец, постапувајќи по тужбата на тужителот «» «ОПШТИНА ЦЕНТАР С. » «»против тужениот«» «Друштво за трговија, производство и услуги АНГО ДООЕЛ увоз-извоз С.»«», за «раскинување на договор», вредност «40.000.00» денари, на «28.02.2022» година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ПРЕКИНУВА** постапката по тужбата на«» «тужителот «» «ОПШТИНА ЦЕНТАР С. » «»против тужениот«» «Друштво за трговија, производство и услуги АНГО ДООЕЛ увоз-извоз С. »«», за «раскинување на договор», вредност на спорот «40.000.00» денари, се до правосилното завршување на управната постапка во однос на Одобрението за градење УП1.бр.28-300 од 26.08.2014 година од Градоначалникот на Општина Центар.

**О б р а з л о ж е н и е**

Тужителот, застапуван од ДП на РСМ до овој суд на 17.08.2021 година поднесе тужба против тужениот, за «раскинување на договор», вредност на спорот «40.000.00» денари

Тужениот, застапуван од адвокат Панче Тошковски од Скопје, во одоговор на тужба од 22.10.2021 година го оспори тужбеното барање во целост.

На одржаното подготвително рочиште полномошникот на тужителот и застапникот по закон на тужителот предложија судот да определи прекин на постапката се до конечно и правосилно решавање на прашањето на одборението за градење за чие решавање е во тек во управна постапка, а во смисла на чл.201 ст.1 т.1 од ЗПП.

Полномошникот на тужениот наведе дека се противи на предлогот на тужителот за прекин на постапката и смета дека таквиот предлог е нецелисходен особено имајќи ги предвид огромните штети кои што ги трпи инвеститорот затоа што не може да ја стави во функција неговата сопственост согласно условите дефинирани во рамки на Договорот за купопродажба на градежно земјиштете сопственост на РСМ.

Судот оцени дека во конкретниот случај се исполнети законските услови од чл.201 ст.1 точка 1 од ЗПП и определи прекин на постапката, бидејќи оцени дека решавањето во овој предмет е во директна зависност од одлучувањето во управната постапка во однос на одобрението за градење УП1.бр.28-300 од 26.08.2014 година од Градоначалникот на Општина Центар.

Согласно со чл.203 ст.4 од ЗПП постапката ќе продолжи кога правосилно и конечно ќе заврши постапката пред управните органи и управните судови во

однос на Одобрението за градење УП1.бр.28-300 од 26.08.2014 година од Градоначалникот на Општина Центар, а на предлог од странките.

**ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ,**
**«52» «ТС1-218/21» од «28.02.2022» година.**

**С у д и ј а**
**«Софија Спасова Медарска»**

**с.р.**

ПОУКА: Рок за жалба 8 дена по приемот на решението, преку овој суд до Апелациониот суд Скопје.

Д.Н. - за тужител на ДП на РСМ и на адвокат Драган Малиновски од Скопје,
- за тужен на адвокат Панче Тошковски од Скопје.